Australian Government

Services Australia

# Australian Pension News

Број 48

## Дали тоа што имате застапник за Centrelink и натаму е корисно за вас?

Вие можеби имате некое лице или организација што делува со Centrelink во ваше име. Тоа може да биде нешто што сте го организирале пред многу време. Вашиот аранжман за застапник (nominee arrangement) може да го видите онлајн. Исто така, вие може да го откажете вашиот аранжман за застапник онлајн или со јавување на нас.

Постојат 2 вида на аранжман за застапник што може да имате:

- **застапник за исплати (payment nominee)** кој ги прима вашите исплати од Centrelink во ваше име
- **застапник за преписка (correspondence nominee)** кој може да делува во ваше име.

Вие може да ги имате двата вида аранжман за застапник.

Вашиот застапник за исплати треба да:

- ги користи исплатите од Centrelink само во ваша корист
- води евиденција како ги троши парите.

Вашиот застапник за преписка може да:

- нѝ поставува прашања за вашите исплати или услуги
- нѝ кажува за промени на вашите околности
- одговара на барањата за информации
- присуствува на состаноци во ваше име, ако е соодветно
- пополнува и потпишува обрасци и изјави
- прима копии на вашите писма
- ги гледа и ажурира вашите информации онлајн
- побарува исплати и услуги во ваше име.

Кога ќе дојде до промена на околностите, треба да размислите дали и натаму имате соодветно ниво на поддршка. Ние нудиме различни видови на аранжмани кои можеби повеќе ќе ви одговараат.

Може да разговарате со нас ако мислите дека вашиот застапник не делува во ваш најдобар интерес.

> Ако сакате да го откажете вашиот аранжман за застапник со Centrelink, тоа може да го направите во секое време онлајн или со јавување на нас. Одете на **servicesaustralia.gov.au/nominee**

## Proof of Life (Потврда за живот)

Ако сте постари од 80 години и живеете надвор од Австралија, можеби треба да пополните Потврда за живот (Proof of Life Certificate) за да продолжите да ја добивате вашата австралиска исплата.

Кога ќе ја добиете потврдата, ќе треба:

- да ја пополните
- да посетите овластено лице и да ја потпишете
- да нѝ ја пратите потврдата по пошта до одреден датум.

Ако не го направите тоа, вашата австралиска исплата може да биде запрена.

Треба да нѝ речете ако не можете потврдата да ја пратите назад до одредениот датум, за да продолжите да ја добивате вашата исплата. Во тој случај ќе ви пратиме писмо со нов краен рок, за да ви дадеме повеќе време да ја пополните потврдата.

Овластено лице може да биде:

- правник, адвокат (solicitor), судски адвокат (barrister of a law court)
- нотар
- службеник во австралиска амбасада или конзулат, high commission
- медицинско лице или доктор
- полициски службеник
- судија, magistrate of a law court
- мировен судија
- судски службеник (court registrar or court deputy registrar).

Ве молиме имајте предвид дека следните лица **не** се овластени да го потпишат образецот:

- општински службеник
- службеник во локална пензиска служба.



# Информации за вашите уплати

Секоја недела ќе добиете 13 редовни 4-неделни исплати

| Четиринеделен календар на пензиски исплати - ноември 2023 до декември 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на кој ќе ја пратиме вашата исплата** | **Корисниците кои пензијата ја добиваат преку директна уплата (direct deposit), исплатата треба да ја добијат до** | **Корисниците кои пензијата ја добиваат со чек, исплатата треба да ја добијат до** | **Исплатата го покрива периодот** |
| 16 ноември 2023 | 22 ноември 2023 | 6 декември 2023 | 19 октомври до 15 ноември 2023 |
| 14 декември 2023 | 20 декември 2023 | 3 јануари 2024 | 16 ноември до 13 декември 2023 |
| 11 јануари 2024 | 17 јануари 2024 | 31 јануари 2024 | 14 декември 2023 до 10 јануари 2024 |
| 8 февруари 2024 | 14 февруари 2024 | 28 февруари 2024 | 11 јануари до 7 февруари 2024 |
| 7 март 2024 | 13 март 2024 | 27 март 2024 | 8 февруари до 6 март 2024 |
| 4 април 2024 | 10 април 2024 | 24 април 2024 | 7 март до 3 април 2024 |
| 2 мај 2024 | 8 мај 2024 | 22 мај 2024 | 4 април до 1 мај 2024 |
| 30 мај 2024 | 5 јуни 2024 | 19 јуни 2024 | 2 мај до 29 мај 2024 |
| 27 јуни 2024 | 3 јули 2024 | 17 јули 2024 | 30 мај до 26 јуни 2024 |
| 25 јули 2024 | 31 јули 2024 | 14 август 2024 | 27 јуни до 24 јули 2024 |
| 22 август 2024 | 28 август 2024 | 11 септември 2024 | 25 јули до 21 август 2024 |
| 19 септември 2024 | 25 септември 2024 | 9 октомври 2024 | 22 август до 18 септември 2024 |
| 17 октомври 2024 | 23 октомври 2024 | 6 ноември 2024 | 19 септември до 16 октомври 2024 |
| 14 ноември 2024 | 20 ноември 2024 | 4 декември 2024 | 17 октомври до 13 ноември 2024 |
| 12 декември 2024 | 18 декември 2024 | 1 јануари 2025 | 14 ноември до 11 декември 2024 |

* Чековите може да бидат испорачани подоцна поради доцнење во поштенскиот сообраќај.

## Плаќање со директна уплата

Во мнозинството земји пензиите ги уплатуваме директно на сметка во банка. Го препорачуваме овој начин затоа што е безбеден, брз и сигурен.

Ако пензијата ја добивате со директна уплата на вашата сметка во банка, парите ќе бидат на располагање 2 до 6 дена после издавањето на налогот за исплата. **Државен празник во вашата земја може да предизвика доцнење на вашата исплата**. Ако вашата исплата не пристигне во рок од 10 дена од денот на испраќање, проверете во вашата локална банка пред да контактирате со нас.

## Неработни деновина нашата Меѓународна служба

| Меѓународната служба нема да работи на: | |
|---|---|
| Божик, државен празник | 25 декември 2023 |
| Boxing Day, државен празник | 26 декември 2023 |
| Празник на јавните служби | 27 декември 2023 |
| Нова година, државен празник | 1 јануари 2024 |
| Ден на Австралија, државен празник | 26 јануари 2024 |
| Велик Петок, државен празник | 29 март 2024 |
| Понеделник по Велигден, државен празник | 1 април 2024 |
| Ден на АНЗАК, државен празник | 25 април 2024 |

# Износи на пензиите

Износите на пензиите што се исплатуваат надвор од Австралија и границите на приходи и имоти се преразгледуваат во јануари, март, јули и септември секоја година

# Износи на пензиите и граници на приходи и имот

Овие износи во австралиски долари (A$) се само ориентациони и важат од 20 септември 2023, освен во случај да е наведено поинаку.

| Износи на пензиите и граници на приходи и имот надвор од Австралија | САМЕЦ/ САМИЦА | ДВОЈКА двата партнера ги исполнуваат условите | ДВОЈКА еден партнер ги исполнува условите | ДВОЈКА - партнерите живеат одвоено поради нарушено здравје |
|---|---|---|---|---|
| **Колкава пензија [1, 2, 3, 4]** | **Годишно** | **Годишно** | **Годишно** | **Годишно секој** |
| Максимален основен износ | A$26,065.00 | A$39,296.40 | A$19,648.20 | A$26,065.00 |
| Основен пензиски додаток | A$722.80 | A$1,190.80 | A$595.40 | A$722.80 |
| **Вкупно** | **A$26,787.80** | **A$40,487.20** | **A$20,243.60** | **A$26,787.80** |
| **Дозволен приход [4]** | **Годишно** | **Комбинирано** | **Комбинирано** | **Комбинирано** |
| Полна пензија | до A$5,304.00 | до A$9,360.00 | до A$9,360.00 | до A$9,360.00 |
| Делумна пензија | Помалку од A$58,879.60 | Помалку од A$90,334.40 | Помалку од A$90,334.40 | Помалку од A$116,511.20 |
| **Дозволен имот [5]** | **Самец/ самица** | **Комбинирано** | **Комбинирано** | **Комбинирано** |
| Полна пензија - Сопственик на куќа/стан | A$301,750 | A$451,500 | A$451,500 | A$451,500 |
| Полна пензија — Не е сопственик на куќа/стан | A$543,750 | A$693,500 | A$693,500 | A$693,500 |
| Делумна пензија - Сопственик на куќа/стан | Помалку од A$645,250 | Помалку од A$971,000 | Помалку од A$971,000 | Помалку од A$1,138,500 |
| Делумна пензија — Не е сопственик на куќа/стан | Помалку од A$887,250 | Помалку од A$1,213,000 | Помалку од A$1,213,000 | Помалку од A$1,380,500 |
| **Проценети износи и горни граници** | **Самец/ самица** | **Комбинирано** | **Комбинирано** | **Комбинирано** |
| Горна граница | A$60,400 | A$100,200 | A$100,200 | A$100,200 |
| Износ под горната граница | 0.25% | 0.25% | 0.25% | 0.25% |
| Износ над горната граница | 2.25% | 2.25% | 2.25% | 2.25% |

Овие износи важат за корисниците кои се постојано надвор од Австралија или се отсустни од Австралија подолго од 6 недели.

1. Износот на исплатата го пресметуваме врз основа на проверки и на приходот и на имотот. Ја применуваме проверката чиј резултат е понизок износ или е нула. Се проценува дека некои имоти носат приход и постојат специјални правила за други видови на приход. Трајно слепи лица не се подложни на проверка на приход или на имот.
2. Некои клиенти може да добиваат намален износ на пензија врз основа на тоа колку долго се жители на Австралија.
3. Некои корисници може да добијат преоден износ (transitional rate) на пензија врз основа на правилата за проверка на приход пред 20 септември 2009 година. За тие корисници го споредуваме преодниот износ со сегашниот износ. Ако сегашниот износ е ист или повисок, ќе ви го исплатиме сегашниот износ. Не можете да се вратите на преодниот износ откако сте го добиле сегашниот износ на пензија.
4. Корисници може да добијат повисок износ на инвалидска пензија (Disability Support Pension) ако се помлади од 21 година и немаат деца кои зависат од нив (dependent children). За повеќе информации, одете на **servicesaustralia.gov.au/dsp**
5. Приход помал од 204 долари на две недели за самци и помалку од 360 долари на две недели за двојка комбинирано, нема да влијае на износот на пензијата. Тоа е се вика „income free area“. За секој долар над „income free area“, ги намалуваме износите за 50 центи за самци и за 25 центи за двојки. Оваа „income free area“ се применува после кој било износ на „Work Bonus“. За повеќе информации, одете на **servicesaustralia.gov.au/income**
6. „Work Bonus“ им помага на корисниците кои ги исполнуваат условите да заработат повеќе од работа без да им биде намалена пензијата. За повеќе информации, одете на **servicesaustralia.gov.au/work-bonus**. „Work Bonus“ не се применува на преодниот износ на пензија.
7. Корисници може да имаат имоти до одреден износ без тоа да влијае на нивната пензија. Тоа се вика „asset free area“. Постојат различни „asset free areas“ што се применуваат во зависност од статусот на врска (relationship status) на корисникот и на неговиот/нејзиниот статус на поседување дом (homeownership status). Видете ја нашата веб-страница за комплетен список на „asset free areas“. За секои 1,000 долари дополнителни имоти над „asset free area“, ги намалуваме износите за 3 долари на две недели за самци и за 1.50 долари на две недели за двојки. Ние не вклучуваме одредени имоти во тестот на имоти (assets test). За повеќе информации, одете на **servicesaustralia.gov.au/assets**

## Курсна листа е достапна на интернет

Износот на пензијата што ја добивате го пресметуваме преку проверка на приходот и на имотот. Ако имате имот во друга земја или добивате приход од друга земја, треба да ја пресметаме нивната вредност во австралиски долари. За таа цел ја користиме курсната листа. Информации за курсната листа објавуваме на нашата веб-страница.

Курсната листа може да ја видите на **servicesaustralia.gov.au/international**

## Добивајте најнови информации за износите на пензиите и датумите

За најнови информации за стапките на пензија и за датумите на исплата надвор од Австралија, одете на **servicesaustralia.gov.au** и видете **стапки на исплата надвор од Австралија (payment rates outside Australia)**. Ние ги ажурираме износите на пензии и дозволените граници на приходи и имоти на нашата веб-страница штом дојде до промени.

Овој билтен исто така е достапен на нашата веб-страница на **servicesaustralia.gov.au/customer/publications/int001**

**Оградување од одговорност:** Комонвелтот на Австралија се обиде да обезбеди информациите во оваа публикација да се точни. Меѓутоа, Комонвелтот не гарантира дека информациите се точни или целосни, ниту ќе биде одговорен за кои било загуби што ќе ги има кое да е лице бидејќи се потпрело на нив на кој и да е начин. Треба да стапите во контакт со Australian Government Services Australia за сите детали за кои било повластици и услуги за кои можеби ги исполнувате условите или за тоа како промени на законите, програмите или услугите може да имаат влијание на вас.

## Како да стапите во контакт со нас

Одете на **servicesaustralia.gov.au** за да најдете информации за вашите исплати и за други исплати и услуги.

Јавете нѝ се од понеделник до петок, меѓу 8 наутро и 5 попладне по времето во Хобарт.

Бирајте ги прикажаните броеви без меѓународните кодови или кодовите на земји пред бројот.

| | |
|---|---|
| Австрија | **0800 295 165** |
| Канада | **1888 2557 493** |
| Кина (Северна)* | **10 800 6100 427** |
| Кина (Јужна)* | **10 800 2611 309** |
| Данска | **8088 3556** |
| Германија | **0800 180 2482** |
| Грција | **0080 0611 26209** |
| Индија | **000 800 61 01098** |
| Индонезија | **001 803 61 035** |
| Ирска | **1800 200 333** |
| Италија | **800 781 977** |
| Република Кореја | **003 081 32326** |
| Холандија | **0800 0224 364** |
| Нов Зеланд | **0800 441 248** |
| Филипини | **1800 1611 0046** |
| Полска | **00 800 6111 220** |
| Португалија | **800 861 122** |
| Сингапур | **800 6167 015** |
| Шпанија | **900 951 547** |
| Тајланд | **001 800 611 4136** |
| Турција | **00 800 6190 5703** |
| Обединети Арапски Емирати | **800 061 04319** |
| Велика Британија | **0800 169 5865** |
| САД | **1866 3433 086** |

* Кина (Северна) ги вклучува провинциите Бејџинг, Тјанџин, Хебеј, Шангси, Внатрешна Монголија, Хејлонгџианг, Лиаонинг, Џилин, Шандонг и Хенан. Сите други провинции ги сметаме за Кина (Јужна) за оваа цел.

Ако сте во земја што не е на списокот, ве молиме јавете нѝ се на **+61 3 6222 3455**.

Исто така може да нѝ пратите факс на **+61 3 6222 2799,** или да нѝ пишувате на адреса:

**International Services**
**PO Box 7809**
**Canberra BC ACT 2610**
**Australia**

Кога поставувате прашања, ве молиме наведете го вашето име и презиме, Centrelink Customer Reference Number и вашиот телефонски број.

INT001MK.2310_Macedonian